Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 31 и 37 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а во врска со примена на член 110 од Законот за кривичната постапка, на седницата одржана на ден 07.12.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**Кога од кривичниот предмет се утврдува дека веќе била поведена граѓанска постапка и се очекува, или е веќе донесена пресуда за имотно-правното побарување, кривичниот суд не сторил повреда на законот кога го задолжил обвинетиот со имотно - правно побарување, со оглед дека штетата е квалификаторен елемент на законското битие на кривичното дело од член 353 од Кривичниот законик, при што не постои можност за двојно намирување.**

**Оддел за казниви дела**